ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 15 ДАТА 28.08.2015 ГОДИНА 33

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

ВОНРЕДЕН БРОЈ 15 ДАТА 28.08.2015 г.


## СОДРЖИНА


- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОПШТИНСКИТЕ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗИ
- ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ СО "Б" ТИМОВИ ЗА СЕЗОНАТА 2015/2016 ГОДИНА
- ОДЛУКА ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКА ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "КИСЕЛА ВОДА" СКОПЈЕ

**Седница одржана на ден 26.08.2015 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ЕУРОМИЛК Г.Л. АД" Скопје: Давидовски Р.Стефан, Василевски А. Александар, Адеми Н. Феџри, Мицевски Г. Звездан, Ѓорѓиевски З. Милан, Ѓорѓиевски Д. Кристијан од ФК "Цементарница 55" Скопје, по член 35/3.

ФК "СЛАВИЈА ПРЖИНО" Скопје: Алексов Г. Филип од ФК "Скопје" Скопје Ибраимов М. Рамадан од ФК "Работнички АД" од Скопје, по чл. 35/3.

ФК "ССК МЛАДИНЕЦ" Скопје: Зиков А. Дејан, Блажевски С. Филип, Павлески Ј. Дарко, Миланов Г. Кристијан, Кировски Н. Никола, Костовски М. Мартин, Продановски Д. Ивица, Исмаиловски С. Ферди, Китанов З. Марко, Франгоски Г. Благоја, Србиноски Б. Мартин, Карафиловски М. Никола, Смиљков Г. Филип од ФК "ССС Нова"Скопје, по чл. 35/3.

ФК "ССК НОВА" Скопје: Реџеповски А. Невзат, Тулов Филип, Идризи Н. Самир, Шаботиќ К. Шенол, Павловски Г. Стефан, Трифуновски Д. Христијан, Велковски М. Тони, Богоевски С. Роберт, Билбиловски Б. Томислав, Стојковски М. Дарко, Сали М. Седат, Рунтев Т. Дарко, Влаховиќ Ж. Ненад, Идризи М. Муарем, Бакијов Ермин, Петрески Г. Филип, Ала С. Арман, Качаплор Е. Един, Наумовски Г. Дарко, Цветановски З. Симон, Јанков Г. Никола, Даневски Р. Дарко, Трајковски О, Љупчо, Арсовски А. Благоја од ФК "ССС Младинец" од Скопје, по чл. 35/3.

ЖФК "ДРАГОН 2014" Скопје: Васиљевиќ Н. Ангела, по член 35/1.
Брахими Р. Ширета од ФК "Кочани" од Кочани, по член 35/3.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери од Општинскиот Фудбалски сојуз "Кисела Вода" од Скопје, фудбалерите: Аксентиев А. Ефтим, Мицевски Љ. Драган од ФК "Еуромилк ГЛ АД" од Скопје, Дувњак Мартин и Стојанов В. Драган од ФК "Славија Пржино" од Скопје и Петров З. Виктор од ФК "Кул Здравје" од Скопје, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

*** Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Калчиноски А. Ангел од ФК "Дојчланд спергер спорт клуб" од Австрија за ФК "Еуромилк ГЛ АД" од Скопје, по член 35/11, поради некомплетна документација.

**Седница од 27.08.2015 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "СЛАВИЈА ПРЖИНО" Скопје: Станишковски С. Ненад од ФК "Гоблен Јуниор" од Куманово, по член 35/3.

ФК "ЕУРОМИЛК ГЛ АД" Скопје: Дураковиќ Р. Мирза од ФК "Вардар АД" Скопје, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КРАТОВО

**Дополнување на документација од**

**Седница од 25.08.2015 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "СИЛЕКС АД" Кратово: Алексиќ М. Милан од ФК "Црвена Звезда" Белград Република Србија, по член 35/11.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ВАЛАНДОВО

**Седница од 27.08.2015 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "ПОБЕДА" Валандово: Ризов Д. Перо, Шата С. Елдан и Стојановиќ Ж. Мартин од ФК "Кожуф Гевгелија" од с. Миравци, по член 35/10.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГЕВГЕЛИЈА

**Седница од 27.08.2015 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "КОЖУФ ГЕВГЕЛИЈА" с. Миравци: Колев Ѓ. Димитар, Коцевски Александар, Митров Д. Мичо, Стојанов А. Благој, Ѓорѓиев Т. Стефан, Велков С. Кирил, Христов Ѓ. Вангел, Ковачев С. Ристе од ФК"Хоризонт Турново АД" од с. Турново, Шерифи З. Елмедин од ФК "Ринија" од с. Матејче, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КИЧЕВО

**Седница од 26.08.2015 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "БРАТСТВО" с. Лисичани: Милованоски В. Владе, Велјаноски В. Бобан, Стојаноски Ј. Љубиша од ФК "Напредок АД" од Кичево, Блажески З. Јовица, Стефаноски Љ. Јовица, Новески И. Александар, Тренкоски Д. Александар, Стојановски З. Благојче од ФК "Пролетер" М.Брод, чл. 35/3

ФК "ЗАЈАЗИ" с. Зајас: Љума Р. Илбер од ФК "Шкендија АД" Тетово, по член 35/3.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО

**Седница од 26.08.2015 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "ТЕТЕКС АД" Тетово: Митревски В. Христијан од ФК "Вардар АД" Скопје, чл. 35/3.

ФК "КАМЈАНИ" с. Камењане: Саљи А. Вулнет, Зибери Т. Енсар од ФК "Дрита АД" од с. Боговиње, по член 35/3.

ФК "РЕЧИЦА" с. Г. Речица: Јахија Н.Љуљзим од ФК"Дрита АД" Боговиње,чл. 35/3

ФК "РЕНОВА АД" с. Џепчиште: Бафтијари Енсар од ФК "Шкендија АД" од Тетово по член 35/3.

ФК "БЕСА" с. Челопек: Небија Н. Скендер од ФК "Зајази" од с. Зајас, Назифи Н. Бљеранд од ФК "Камјани" од с. Камењане, по член 35/3.
ФК "СКЕНЕРБЕУ" с. Пороj: Каримани Н. Бесар, Рамани Ш. Ферат од ФК "Дрита АД" од с. Боговиње, по член 35/3.

*** Склучување на договор за отстапување:**

Фудбалскиот клуб "Ренова АД" с. Џепчиште, Фудбалскиот клуб "КФГ Гостивар АД" од Гостивар и фудбалерот Зибери Р. Мухамед, склучија договор за отстапување со привремена регистрација во времетраење од 1 (една) година, до Летен преоден рок 2016 година, до 14.06.2016 година.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери од Општинскиот фудбалски сојуз Тетово, фудбалерите: Љума Р. Илбер од ФК "Шкендија АД" од Тетово, Даути Р. Енес од ФК "Ренова АД" од с. Џепчиште и Исаку М. Адриан од ФК "Пирок" од с. Пирок, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

## ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР

**Седница од 27.08.2015 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "БЕСА" с. Добри Дол: Махмути А.Леонард, Ахмети С. Јасин, по член 35/1.
Исаку М. Адриан од ФК "Пирок" од с. Пирок, по член 35/3.
ФК "ГЕНЧКАЛЕМЛЕР СПОТ" с. Долна Бањица: Адеми Х. Хакан, Салији М. Бајрам, Алији Н. Шаќир, Енур Халили, Бедини Ш. Беадини, Јусуфи Е. Бејтулах, Нуредини М. Сезер, Абдии И. Феим, Хасани Л. Ељеса, Емини Ф. Нурбеј и Бајрами М. Имер, по член 35/1.
ФК "КФГ ГОСТИВАР АД" Гостивар: Зибери Р. Мухамед од ФК "Ренова АД" од с. Џепчиште, по член 35/8.
Андоновски Н. Дејан, Бајрами А. Емир, Мицоски Д. Трајан, Кадрија И. Енес, по член 35/1.
Демири А. Муас од ФК "Гостивари" од Гостивар, по член 35/3.
ФК "ПЕНАЛ ЕДЕН" Гостивар: Исакоски З. Оливер, Бошкоски Н. Стефан, Јорданоски Д. Јордан, Бајрами Џ. Едон, Михајловски З. Филип, по член 35/1.

*** Бришење од регистер:**

Се бриши од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Гостивар фудбалерот Дерала Али од ФК "КФГ Гостивар АД" од Гостивар, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ОПШПТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 28.08.2015 година**

* **Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЕТАЛУРГ АД" Скопје: Георгиев Г. Стефан од ФК "Вардар АД" од Скопје, Абдулах Х. Емре од ФК "Фенербахче Тефејуз" од Скопје, по член 35/3.

ФК "МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ92" Скопје: Абазоски И. Марио од ФК "Вардар АД" од Скопје, Мифтари Аљбан од ФК "Шкупи 1927 АД" Скопје, чл. 35/3.

ФК "ДОЛНО КОЊАРИ" с. Д. Коњари: Неби С. Ермин од ФК "Нова Колонија" по чл 35/3.

ФК "МАЏАРИ СОЛИДАРНОСТ ЈУНИОР" Скопје: Арџиќ М. Давид, Христов С. Филип, Панев Г. Драган, Стошиќ Љ. Роберт, Денковиќ И. Стефан, Велковски С. Давид, Богдановиќ Т. Андреј, Станковиќ Г. Давид, Миленковски Христијан, Андреевски Андреј, Пешевски С. Давид, Јовановски Ј. Давор, Атансовски И. Стефан, Рајатоски С. Андреј, Ѓеоргиев К. Матерј, Рајатоскик С. Стефан, Велковски С. Методија, Цветковски Дамјан, Трајковски Дарко од ФК "Маџари Солидарност 92" од Скопје, Ѓорѓиевсксkи В. Петар, Најдовски Д. Бојан, Ѓорѓиевски Г. Јовица, Насковски Т. Филип од ФК "Илиинден" н. Илинден, Трајковски Александар, Илиев Бојан од ФК "Металург АД" Скопје, по чл. 35/3.

ФК "СКОПЈЕ" Скопје: Бектеши Ф. Илиир, Рамаданов С. Јетон, Шкријељ Р. Амар, Раичевиќ З. Алдин, Николовски Тодор, Аслани А. Бљерон,Османовиќ Ќ. Армин, Симоновски Д. Никола, Рамадан И. Арсим, Симоновски Б. Дамјан, Љиварека Н. Бесир, Цветковски О. Никола, Леркиќ Ќ. Ерсин, Брајановски И. Адам, Стоилковски А. Теоидор, Бериша И. Сејфула од ФК "Нова Колонија" од н. Колонија, по член 35/3.

Злата Р. Насер, Арслани М. Фисник, Амет Д. Мердијан, Џуковски М. Бојан, Хасиќ Ш. Хариз, Петрушевски С. Стефан, по член 35/1.

* **Раскин на професионален договор:**

ФК "Металург АД" Скопје и фудбалерот Лазаревски Н. Филип го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал, Спогодбено.

* **Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС "Гази Баба" од Скопје, фудбалерите: Петров Томица од ФК "Металург АД" од Скопје, Алексов Г. Филип од ФК "Скопје" од Скопје, Ибраимов М. Рамадан, Хисени Н. Самир од ФК "Работнички АД" од Скопје, Грбашлиењв Б. Лазе од КМФ "Хедис" од Скопје, Дураковиќ Р. Мирза, Кобетич З. Матија, Стојановски Филип од ФК "Вардар АД" од Скопје, Крстевски В. Кирче од ФК "Маџари Солидарност92" од Скопје, поради преминување во друг ОФС.

* **Регистрации кои не се објавуваат:**

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Новак Евгениј од ФК "Волин Лутск" од Украина за ФК "Вардар АД" од Скопје, по член 35/11 поради некомплетна документација. Не се објавува и неговиот професионален договор на 1 година.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Станчевски Б. Перица од ХНК "Орашје" од БиХ за ФК "Металург АД" од Скопје по член 35/11, поради некомплетна документација. Не се објавува неговиот професиоанелн договор на 1 година.

Не се објавува регистрацијатга на фудбалерот Мендерес С. Хасани од ФК "Лепенец" од Качаник, Косово, за ФК "Маџари Солидарност92" од Скопје, по член 35/11. поради некомплетна документација.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Бафтија М. Диар за ФК "Скопје" Скопје по член 35/1, поради неисправност на документот за идентификација.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРОПОЗИЦИИ

## за натпреварување со „Б" тимови за сезоната 2015/2016 година

Скопје, август 2015 година

Врз основа на 58 од Статутот на ФФМ а во врска со член 11 , 13 и 15 од Правилникот за натпревари, Комитетот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 20.08.2015 година донесе:

# ПРОПОЗИЦИИ
## ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ СО „Б" ТИМОВИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2015/2016 ГОДИНА

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Натпреварувањето со „Б" тимови е непостојано ,неофицијално натпреварување на ФФМ во кое учество земаат клубови кои се натпреваруваат во Прва и Втора МФЛ.

Натпреварувањето се одржува во тековната година.

Со натпреварувањето со „Б" тимови раководи Комисијата за натпревари на ФФМ.

**Член 2**

Во натпреварувањето со „Б" тимови врз основа на пријава за учество подредени по азбучен ред , учество со свои екипи земаат следните клубови:

(1)ФК Брегалница 2008
(2)ФК Вардар АД Скопје
(3)ФК Металург АД Скопје
(4)ФК Работнички АД Скопје
(5)ФК Силекс АД Кратово
(6)ФК Тетекс АД Тетово
(7)ФК Шкендија АД Тетово
(8)ФК Шкупи 1927 скопје

**Член 3**

Натпреварувањето со „Б" тимови се одвива по Бергеров систем во две полусезони (есен-пролет), во 3 круга.

Првенствениот натпревар трае 2 х 45 минути со пауза на полувремето од 15 минути.

**Член 4**

Календарот за натпреварување го носи органот кој раководи со натпреварувањето а го усвојува Управниот одбор на Фудбалската федерација на Македонија пред отпочнување на есенскиот дел од натпреварувањето.

Натпреварите се одигруваат секој вторник освен ако со календарот за натпреварување не е поинаку определено.

Распоредот на натпреварување се одредува со ждрепка пред почеток на натпреварувањето.

**Член 5**

Натпреварувањето согласно календарот на натпреварување започнува не подоцна од 15.09.2015 година освен ако со Одлука на надлежно тело истиот не се промени.

**Член 6**

За организација на натпреварите е одговорен клубот домаќин.

Клуб домаќин е првоименувана екипа на распоредот за натпреварување.

Секој клуб домаќин има обврска да ги почитува правилата за организирање на натпревар и да се грижи за редот и безбедноста на сите учесници пред, за време и по завршувањето на натпреварот согласно актите на ФФМ.

За пропусти во организацијата клубот домаќин одговара согласно овие пропозиции и одредбите на Правилникот за натпревари.

**Член 7**

Клубот е должен да ги исполни неопходните услови предвидени во Правилникот за инфраструктура и стадиони на ФФМ во насока на обезбедување на соодветен терен и пропратни објекти согласно критериумите кои важат за одигрување на натпревари во Втора МФЛ.

Клубовите имаат обврска пред почеток на натпреварувачката година а најдоцна до закажаниот термин за извлекување парови (жреб) до Комисијата за натпревари на ФФМ да доставaт известување за користење на домашен и алтернативен терен за одигрување на натпревари.

Во случај на виша сила, клубот домаќин може да побара од Комисијата за натпревари на ФФМ одобрување за одигрување на првенствен натпревар како домаќин на трет терен кој мора да биде различен од теренот кој е пријавен од противникот како домашен или алтернативен.

**Член 8**

Клубот домаќин е обврзан:

- натпреварот благовремено да го пријави кај надлежниот орган за безбедност (МВР).
- на сите натпревари да обезбеди присуство на возило за итна медицинска помош со лекар со соодветна лиценца
- да обезбеди присуство на најмалку четири лица со медицински носила.
- да обезбеди редарска служба.
- да назначи комесар за безбедност и обезбеди негово присуство на сите натпревари.

Во случај клубот домаќин да не постапил согласно став 1 алинеа 1 ,2 натпреварот нема да се одигра и истиот ќе биде презакажан да се одигра во рок од 24 часа ,по исклучок натпреварот може да биде презакажан во термин определен од Комисија за натпревари .

Трошоците за службените лица кои произлегуваат од став 2 на овој член како и трошоците за превоз и храна на гостинската екипа (за што гостинската екипа приложува фактура) ги сноси клубот домаќин.

**Член 9**

Клубот домаќин како организатор на натпреварот е должен да ги превземе следните активности:

- да ги пречека гостите и службените лица и истите безбедно да ги смести во службените простории
- да ги обезбеди возилата на гостите и службените лица, во случај на било какво оштетување штетата мора да ја надомести клубот домаќин во спротивно клубот се предава во постапка пред надлежниот дисциплински орган.
- да се погрижи за хигиената во сите службени простории.
- да се погрижи службените простории при пониски температури да бидат неопходно загреани.
- во санитарните чворови во службените простории да обезбеди топла и ладна вода,
- пред почеток на натпреварот на главниот судија на натпреварот да му достави доказ дека натпреварот е благовремено пријавен кај надлежниот орган за безбедност (МВР)
- да обезбеди 5 топки за одигрување на натпреварот (ист вид).
- да обезбеди лице кое ќе го состави записникот .

**Член 10**

Во службените простории дозволено е присуство на следниве лица:

- Сите фудбалери заведени во записникот од натпреварот
- Судиите
-- Записничарот
- Ополномоштени преставници на двата клуба,
- Лекари на двете екипи заведени во записникот,
- Физиотерапевти на двете екипи заведени во записникот,
- Тренери (независно од позицијата која ја завзема во стручниот штаб) на двете екипи заведени во записникот,
- Економите на двете екипи,
- Претставници на МВР,
- Две технички лица ( електричар и водоводџија) кои не смеат да бидат во оградениот дел од теренот, освен во случај на итност за што мора да се извести и да даде дозвола делегатот на натпреварот).

Освен за фудбалерите и судиите ,клубот домаќин мора да обезбеди видни ознаки за сите останати лица кои задолжително треба да ги носат на себе.

**Член 11**

Во оградениот дел од теренот дозволено е присуство за следниве лица:

- фудбалерите кои настапуваат,
- резервни фудбалери,
- службените лица заведени во записникот од натпреварот,
- фоторепортери со ознаки,
- деца за фрлање топки еднообразно облечени во дресови или тренерки,
- лица задолжени за медицински носилки,
- спикер за разгласот,
- претставници на МВР и лекарска екипа со кола за итна медицинска помош.
- економи (кои мораат да бидат во близина на просториите на соблекувалните

**Член 12**

Клубот домаќин задолжително обезбедува:

- табли за замена на резервните фудбалери и покажување на надоместено време
- две знаменца за помошните судии со димензии: дршка со димензија од 75 сантиметри, платно со димензија 30 x 40 сантиметри со жолта или портокалова боја.
- на повеке места покрај надолжната линија вода за освежување на фудбалерите.

## ОДГОВОРНОСТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ

**Член 13**

По завршувањето на натпреварот и составувањето на записникот домаќинот е должен во соработка со Комесарот за безбедност, безбедно да ги испрати гостите и службените лица.

За било каков испад или оштетување на возилата на службените лица и гостинската екипа , клубот домаќин сноси одговорност согласно одредбите на дисциплинскиот правилник.

## УТВРДУВАЊЕ НА ИДЕНТИТЕТ НА ФУДБАЛЕРИ

**Член 14**

Идентитетот на фудбалерите го утврдува главниот судија во присуство на претставниците на двата клуба врз основа на спортска легитимација согласно одредбите на Правилникот за натпревари.

## ЗАПИСНИК

**Член 15**

Записникот е службен документ за натпреварот.

Записникот се составува во присуство главниот судија, претставници на двата клуба.

Првата страна од Записникот се составува еден час пред почетокот на натпреварот од страна на лице определено од клубот.

Во записникот на првата страна со потпис на главниот судија и со потпис на двата преставника од клубовите се потврдува идентитетот на фудбалерите, лекарскиот преглед, дозволите за работа на останатите службени лица.

Судијата во записникот утврдува дали теренот е подобен за игра.

Вториот дел од записникот се составува по завршувањето на натпреварот.

Во вториот дел од записникот судијата со потпис го потврдува резултатот, заменетите фудбалери, стрелците на головите, опоменатите и исклучените фудбалери, службените лица и инциденти.

Записникот од натпреварот може да се изготви електронски или на друг начин и истиот во оригинална форма се предава на главниот судија на натпреварот веднаш по завршување на натпреварот.

## СЛУЖБЕНИ ЛИЦА

**Член 16**

Секој клуб мора да одреди свој претставник кој ќе го претставува на натпреварот.

Претставникот се легитимира со писмено полномошно кое треба да го стави на увид на судијата на натпреварот пред почеток на натпреварот.

Претставникот на клубот :

- учествува во утврдувањето на идентитетот на фудбалерите,
- го предава составот на екипата и спортските легитимации на фудбалерите и соодветните потврди за право на настап (каде што е применливо), на судијата пред почетокот на натпреварот,
- ги гарантира податоците за својата екипа
- доставува дозволи за работа (лиценца) за лекарот и физиотерапевтот за тековната година
- доставува дозвола за работа на шефот на стручниот штаб.

**Член 17**

Стручниот штаб на екипата може да биде составен од шеф на стручен штаб, 1помошник тренер, 1 тренер на голмани а по исклучок уште еден помошник тренер, 1 лекар и 1 физиотерапевт .

Шефот на стручниот штаб се назначува од редот на тренери во клубот кој поседува најмалку лиценца за водење на екипа согласно критериумите за водење на екипа во Втора МФЛ ( УЕФА „А").

**Член 18**

Натпреварот не може да започне без главен судија и двајца помошни судии

Судиите ги одредува овластено лице од Судиска комисија на ФФМ од единствената листа на судии за Прва и Втора МФЛ со живеалиште во местото на одигрување на натпреварот освен во случај кога на единствената листа нема судии кои имаат место на живеење во местото на одигрување на натпреварот.

Судиите на натпреварот се делегираат со налог за судење во кој е определена такса за судење во висина од 1000 денари и патни трошоци во висина од 200,00 (двеста) денари.

Патните трошоци за судиите кои со живеалиште не се од местото на одигрување на натпреварот се одредуваат во висина на меѓуградски автобуски билет сразмерно на оддалеченоста.

Судиите својата функција ја извршуваат согласно овие пропозиции и актите на ФФМ.

**Член 19**

Во ова натпреварување функцијата делегат ја врши главниот судија на натпреварот.

## ПРАВО НА НАСТАП

**Член 20**

Право на настап имаат фудбалери регистрирани согласно Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ со важечки лекарски преглед согласно Правилникот за натпревари, независно дали се членови на клубот , кои на денот на натпреварот не се помлади од 17 години.

Фудбалери кои на денот на натпреварот имаат 16 години можат да настапат со специјален лекарски преглед.

Фудбалерите кои се членови на друг клуб од системот на постојано натпреварувње на ФФМ можат да настапат за клубот само доколку покрај спортската легитимација достават на увид и потврда со која клубот во кој членуваат се согласува со нивниот настап на тој натпревар(и) за тој клуб во ова натпреварување.

Во временски период од 48 часа фудбалерите имаат право да настапат на најмногу 3 (три) полувремиња. од кои најмногу две полувремиња за период од 24 часа.

**Член 21**

Фудбалери на кои за прекршок направен на првенствени или куп натпревари им е изречена дисциплинска мерка забрана на настап од 1(еден) до 6 (шест) натпревари имаат право да настапат во ова натпреварување.

Фудбалери на кои за прекршок направен на првенствени или куп натпревари им е изречена дисциплинска мерка забрана на настап повеќе 6(шест) натпревари или временска повеќе од 1(еден) месец немаат право да настапат во ова натпреварување до истекување на дисциплинската мерка.

## БОЈА НА ДРЕСОВИ

**Член 22**

Фудбалерите кои настапуваат на своите дресови мора да ги носат броевите под кои се заведени во записникот од натпреварот и истите можат да бидат од 1 до 99.

Дресовите на екипите и судиите мора да се со различна боја.

Во случај да екипите излезат со иста боја на дресови гостинскиот тим е должен да ја промени бојата на дресови.

## ЗАМЕНИ

**Член 23**

За времетраење на натпреварот клубот има право да замени 7(седум) фудбалери.

Еднаш извршената замена нема право повторно да влезе во игра.

**Член 24**

Натпреварите се играат како дневни.

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО ИСКЛУЧУВАЊЕ НА НАТПРЕВАР

**Член 25**

Исклучен фудбалер и лице кое не е внесено во записникот а е функционер на клубот не смее да се наоѓа во оградениот дел на теренот.

**Член 26**

Последиците од изречените жолти картони важат само за време на одигрување на натпреварот.

Со изречени два жолти картони фудбалерот ја напушта играта согласно правилата за изречен црвен картон.

Исклучените фудбалери и одстранетите службени лица на клубот не се предмет на дисциплинска одговорност.

Прекршоците поврзани со груба игра како и физички напад, неред и насилство кои предизвикале прекин на натпреварот ,констатирани на записник се санкционираат со автоматска парична казна.

Пријавените лица од став 3 на овој член доставуваат изјава до главниот судија по завршување на натпреварот.

**ОРГАН НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ**

**Член 27**

Сите натпревари ги регистрира Комисијата за натпревари на ФФМ како орган кој го води натпреварувањето.

**Член 28**

Комисијата пласманот на табелата го утврдува по бод систем.

Екипа која ќе победи на натпреварот добива 3 (три) бода, кога натпреварот ќе заврши нерешено двете екипи добиваат по 1 (еден) бод, за загубен натпревар не се добива ниеден бод.

Пласманот на табелата се утврдува со бројот на освоените бодови.

Комисијата за натпревари по секое коло изготвува табела на натпреварувањето која содржи

- број на екипи
- број на одиграни натпревари
- број на победени натпревари
- број на нерешени натпревари
- број на изгубени натпревари
- број на дадени голови
- број на примени голови
- број на освоени бодови.

Табелата се доставува до клубовите по електронска пошта.

Комисијата по завршување на натпреварувањето утврдува завршна табела која има информативен карактер и истата ја објавува во службеното гласило на Фудбалската федерација на Македонија "Макфудбал".

Завршната табела не претставува основ за остварување на права за понатамошен пласман ниту пак основ за испаѓање.

**Член 29**

Комисијата за натпревари:

- раководи со натпреварувањето во согласност со овие пропозиции како и други акти на ФФМ.
- го утврдува календарот за натпреварување во соработка со клубовите учесници
- го утврдува распоредот на натпреварите
- предлага измени на Пропозиции
- ги регистрира натпреварите
- одлучува по приговори
- изрекува автоматски парични казни

- води евиденција на исклучени фудбалери за кои се изрекува автоматска парична казна.
- одлучува по барања на клубови за промена на термин и време на одигрување на натпревар.
- извршува и други работи во врска со ова натпреварување по препорака на УО на ФФМ

**Член 30**

Натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 3:0 за противничката екипа доколку не постигнала поповолен резултат (каде што е применливо) доколку:

- главниот судија констатира на записник дека екипата не излегла на терен и не го започнала натпреварот во определеното време односно по чекање од 30 минути од часот предвиден за почеток на натпреварот а истото не го најавила.
- главниот судија констатира на записник /дополнителен извештај доколку има пречки при составување на запсиникот/ дека натпреварот бил прекинат поради неред , инцидент, физички напад.

**Член 31**

Доколку двете екипи неоправдано не настапат, натпреварот ќе се смета за одигран, бодовите од натпреварот не се доделуваат на ниедна екипа .

**Член 32**

Клуб чија „Б" екипа изгубила со службен резултат повеќе од три натпревара нема право да се пријави за натпреварување со „Б" тимови следната натпреварувачка година.

**Член 33**

Во случај на напуштање на натпреварувањето завршната табела се изготвува согласно одредбите на Правилникот за натпревари.

Исклучок од став 1 е напуштање на натпреварувањето со 6(шест) учесници , во тој случај , на натпреварувањето може да му се приклучи екипа на Спортската академија на ФФМ (највозрасната категорија) на местото на клубот кој како шести учесник го напуштил натпреварувањето.

Во завршната табела од став 2 ,Спортската академија е надвор од конкуренција.

## ПРИГОВОР ПО РЕГИСТРИРАН НАТПРЕВАР

**Член 34**

Приговор во врска со натпреварот се поднесува на записник.

По приговорот одлучува Комисијата за натпревари.

Одлуката на Комисијата за натпревари е конечна.

Приговор на натпревар може да се поднесе само во случај на несогласување со одлуката на судијата за која се изрекува автоматска парична казна.

Приговорите по овој основ мора да бидат поткрепени со соодветен доказ.

## АВТОМАТСКИ ПАРИЧНИ КАЗНИ

**Член 35**

Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата на клубот кој во својот тим ставил фудбалер кој за време на натпреварот добие црвен картон поради груба игра и удирање на противнички играч без посед на топка а противничкиот фудбалерот не бил во можност да

го продолжи натпреварот за што главниот судија се изјаснил во записникот од натпреварот.

**Член 36**

Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 50 евра во денарска противвредност на денот на уплатата на клубот:

- кој не обезбедил присуство на комесар за безбедност на натпреварот
- кој дозволил присуство на неслужбени лица во службени простории и оградениот дел на теренот
- за констатирани неправилности во организацијата согласно одредбите на членовите од 8-12 кои влијаеле на одигрување на натпреварот.

**Член 37**

Комисијата за натпревари ќе му изрече автоматска парична казна во висина од 1500 евра во денарска противвредност на денот на уплатата на клубот чија екипа, службени лица или навивачи предизвикале прекин на натпреварот поради неред, инцидент, физички напад на службено лице на натпревар, за што главниот судија се изјаснил во записникот од натпреварот.

**Член 38**

Клуб чија екипа го напушти натпреварувањето се казнува со автоматска парична казна во висина од 1500 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.

**КРИТЕРИУМИ ЗА УЧЕСТВО**

**Член 39**

Со право да учествува се стекнува фудбалски клуб:

- који поднел пријава за учество и кој со својата сениорска екипа се натпреварува во Прва МФЛ или Втора МФЛ.
- екипа на Спортската академија (највозрасната генерација) под услови предвидени со овие пропозиции
- уплатил котизација во висина од 1400 евра во денарска противвредност на денот на уплатата на жиро сметка на ФФМ.

Од средствата уплатени по основ котизација се регулираат трошоците за службените лица и автоматски парични казни по член 35 и 36 од овие пропозиции.

Доколку средствата уплатени по основ котизација не се доволни за регулирање на трошоците за службените лица и автоматските парични казни, клубот има обврска во текот на натпреварувањето да врши доплата на појавената разлика.

ФФМ на клубовите учесници по завршување на натпреварувањето им доставува пресметка , позитивната разлика може да се насочи за натпреварувањето од наредната сезона, за останати обврски према ФФМ или ја враќа на клубот за што клубот писмено се произнесува.

**Член 40**

Клубот има обврска да достави доказ за уплатена котизација до утврдениот датум за ждреб.

За регулирање на трошоците кои би произлегле од вклучување во натпреварувањето на екипа од спортската академија одлука носи Управниот одбор на ФФМ.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 41**

За се што не е предвидено со овие пропозиции се применуваат одредбите од Правилникот за натпревари на ФФМ кои ја регулираат предметната материја (доколку е

применливо) како и другите применливи прописи на ФФМ.

**Член 42**

Овие пропозиции стапуваат во сила со денот на донесување од страна на Управниот Одбор на ФФМ/Комитетот за итност.

**Член 43**

Толкување на овие пропозиции дава Управниот Одбор на Фудбалската Федерација на Македонија.

Скопје, 20.08.2015

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 0801-1266/20

Втора МФЛ: 2015 - 2016

Скопје: 19.08.2015 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 19.08.2015 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК ЕУРОМИЛК ГЛ АД - Горно Лисиче - Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317 Стопанска Банка АД Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 1 коло на Втора МФЛ 15/16 помеѓу, ФК ЉУБАНЦИ- 1974 - ФК ЕУРОМИЛК ГЛ АД, ја констатира следната фактичка состојба: Исклучен од игра во 23. мин.поради недозволено спречување на противнички фудбалер во ситуација за постигнување на гол.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- ФК ЕУРОМИЛК ГЛ АД - Горно
- Лисиче - Скопје
- Сметководството на ФФМ
  Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседател

Васко Дојчиновски с.р

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 0801-1266/19**
**Скопје: 19.08.2015**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Љамалари Арсим фудбалер на Ф.К."Еуромилк"од Скопје врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 19.08.2015 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Љамалари Арсим со ИД 104972 фудбалер на Ф.К "Еуромилк" –Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (два) првенствени-куп натпревари.**
2 **Казната тече од 16.08.2015 година.**
3 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 1 коло на Втора МФЛ помеѓу: Ф.К. "Љубанци" (Љ) - Ф.К. "Еуромилк" (С) одигран на ден 15.08.2015 година во 17,30 часот на стадионот во Ѓорче Петров констатира:Љамалари Арсим, фудбалер на ФК "Еуромилк " е исклучен во 5 минута од натпреварот поради недозволено спречување на противнички фудбалер во ситуација за постигнување на гол.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Еуромилк"Скопје
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседавач
Миле Тановски с.р.

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ СКОПЈЕ

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата


**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**